| | |
|---|---|
| Врз основа на чл. 34 и чл. 44 т. 15 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и чл. 384 и чл. 358 од Законот за трговски друштва, Одборот на Директори без одржување на седница на ден 20.04.2021 година донесе: | Based on Article 34 and Article 44 item 15 of the Statute of Cementarnica USJE AD Skopje and Article 384 and Article 358 of the Trade Companies' Law, the Board of Directors without holding a session on 20.04.2021 adopted the following: |
| **ОДЛУКА**<br>**За свикување на годишно Собрание на акционери на**<br>**Цементарница УСЈЕ АД Скопје** | **DECISION**<br>**For convening the annual Shareholders' Assembly**<br>**of Cementarnica Usje AD Skopje** |
| **Член 1**<br>Се свикува Годишното Собрание на акционерите на Цементарница УСЈЕ АД Скопје за ден 25.05.2021 година со почеток во 11:00 часот. | **Article 1**<br>The Annual Shareholders Assembly of Cementarnica USJE AD Skopje is being convened for 25.05.2021 commencing at 11:00 hours. |
| **Член 2**<br>За седницата на Годишното Собрание на акционери се предлага следниот дневен ред: | **Article 2**<br>The following Agenda is proposed for the meeting of the Annual shareholders' assembly: |
| 1. Процедурален дел (Избор на Претседавач); | 1. Procedural part (Election of a Chairman), |
| 2. Донесување на Одлука за одобрување на ревидираните Годишна сметка, Финансиски извештаи (поединечни и консолидирани) и Извештајот за работењето на Друштвото за 2020 година; | 2. Adopting a Decision on approving the audited Annual Account, the Financial Statements (standalone and consolidated) and the Report for the operations of the company for the year 2020, |
| 3. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори за 2020 година; | 3. Adopting a Decision on approving the work of the members of the Board of Directors for 2020, |
| 4. Донесување на Одлука за распределба на добивката остварена по Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2020 година; | 4. Adopting a Decision for profit distribution generated according to the Annual account and Financial statements for the year 2020, |
| 5. Донесување на Одлука за одобрување на зделки со заинтересирани страни, | 5. Adopting a Decision for approving interested party transactions, |
| 6. Донесување на Одлука за именување на Ревизор на Годишната сметка, Финансиските извештаи (поединечни и консолидирани) и | 6. Adopting a Decision for appointing an Auditor for the Annual Account, Financial statements (standalone and consolidated) and |

| | |
|---|---|
| Извештајот за работењето на друштвото за 2021 година; | the Report for the operations of Cementarnica Usje AD Skopje for the year 2021, |
| 7. Донесување на одлука за разгледување и одобрување на извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година; | 7. Adopting a decision for review and approval of the Report about the operations of the Internal audit department for the year 2020; |
| 8. Донесување на одлука за избор на Неизвршен член на Одборот на директори на Цементарница УСЈЕ АД Скопје; | 8. Adopting a decision for election of Non-executive member of the Board of Directors of Cementarnica USJE AD Skopje; |
| 9. Донесување на одлука за верификација на Одлуката на Одборот на директори за распределба на аванс на дивиденда за периодот јануари – септември 2020 година. | 9. Adopting a decision for verification of the Board of Directors' Decision for distribution of advanced dividend for the period January – September 2020. |
| **Член 3** | **Article 3** |
| Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето. | The decision comes into force on the day of its adoption. |

**Одбор на директори/ Board of Directors**
**В.Д. Претседател/ Executor of duty President**
**Јанис Паниарас / Ioannis Paniaras**

___________________________